Правила за полагање на испити од државна матура

Сите вклучени во изведување на државната матура да се запознаат со *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на полагање и оценување на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование,* односно за пропишаните казнени мерки.

Кандидатите на денот на испитот:

- ✓ **НЕ СМЕАТ** да внесат телефони или други електронски уреди во просториите за полагање на денот на испитот;
- ✓ во испитната просторија треба да влезат само со документ за идентификација (лична карта, пасош, ученичка легитимација, возачка дозвола) и пенкала кои пишуваат сино, прибор за испитот по Математика и вода ако им е потребна;
- ✓ да се облечени пристојно на денот на испитот;
- ✓ задолжително треба да бидат пред означениот влез на испитниот објект (училиштето) според претходно истакнатиот Распоред **најдоцна до 8:45 часот;**
- ✓ штом влезат во испитниот простор да го следат лицето одредено од УМК до своето место за полагање;
- ✓ да проверат дали нивните лични податоци се означени на клупата на која седат
- ✓ кога ќе го слушнат кратко ѕвонење во 10:00 (прво ѕвонење) да започнат со читање на упатството на насловната страна од тестот. Тестот не смее да се отвара пред второто ѕвонење;
- ✓ по второто ѕвонење во 10:15 да ја проверат исправноста на тестот (со листање на целиот тест) и доколку констатираат дека е во ред да започнат со решавање на тестот, а во спротивно со кревање на рака да го информираат тестаторот.

Постапување при напуштање на испитниот простор во текот на испитот од здравствени причини

- ✓ Кандидатот кој поради здравствени причини можеби ќе мора да го користи тоалетот во текот на испитот може само по проценка на тестаторот да ја напушти испитната просторија, заедно со еден од резервните тестатори. Кандидатот мора да биде со придружба од резервен тестатор или набљудувач до пред вратата на тоалетот и назад.

Постапување со мобилни телефони и други електронски уреди на денот на испитот

- ✓ на кандидатите не им е дозволен внес на мобилни телефони и други електронски уреди во просторот каде што се полага испитот;
- ✓ УМК на влез на големиот испитен простор обезбедува место за оставање на мобилните телефони или други електронски уреди за времетраењето на испитот (пр. кутија на која има ознака на испитната просторија, потсетуваме на Пример 1); **Мобилните телефони и електронските уреди задолжително треба да бидат исклучени;**
- ✓ училиштето не сноси одговорност за телефоните или другите електронски уреди кои ќе бидат оставени за време на испитот во обезбедениот местото за оставање на телефони и други електронски уреди.

Постапување во случај на прекршување на правилата за спроведување на државна матура и изрекување мерки

- ✓ во случај да биде откриено дека некој кандидат има мобилен телефон, друг електронски уред или препишува за време на испитот, ќе се примени соодветна мерка согласно Правилникот водејќи сметка да не се наруши тишината;
- ✓ доколку кандидатот којшто препишува не сака да го напушти просторот каде што се полага и ги вознемирува останатите присутни, ќе биде отстранет со помош на лицата задолжени за зачувувањето на редот (обезбедување…).